РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

# Годишен извештај

| | |
|---|---|
| | **Одговорно лице** |
| **Период за кој се известува:** 2020 година | **Име и презиме:** Даница Чадиева |
| **Вкупен буџет:** 49.057.000 денари | **Звање:** Претседател |
| **Број на вработени:** 70 | **E-mail:** danica.cadieva@dkz.mk |
| **www.dkz.mk** | **Телефон:** 02/3 211 343 |

## Содржина

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1. | Резиме | 3 |
| 2. | Вовед | 9 |
| 3. | Статус, раководство, надлежност и организациона структура | 10 |
| 4. | Реализирани активности произлезени од законските надлежности | 16 |
| 5. | Активности за подобрување на квалитетот во работењето | 97 |
| 6. | Соработка со други институции и меѓународна соработка | 100 |
| 7. | Буџет, завршна сметка и финансирање | 101 |
| 8. | Заклучок | 105 |
| 9. | Препораки | 106 |
| 10 | Прилози | 109 |

## 1. Резиме

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (во понатамошниот текст: Државната комисија) е самостоен орган со својство на правно лице која е основана согласно Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ("Службен весник на Република Македонија" број. 51/2011, 148/2013, 41/2014, 53/2016 и 11/2018).

Во овој Извештај Државната комисија ќе ја опфати надлежноста, организациската структура како и вкупниот број на примени и решени предмети во текот на 2020 година, по жалби против решенија донесени во прв степен во управна постапка како и по жалби/приговори против одлуките кои се однесуваат на правата и обврските кои произлегуваат од работните односи за кои е надлежна Државната комисија.

Државната комисија по предметите постапува по хронолошки ред на поднесени и заведени жалби/приговори. Врз работата на Државната комисија се одрази и работењето во посебните услови предизвикани од состојбата на светската ковид пандемја, при што, Државната комисија ги почитуваше сите мерки и препораки за заштита и превенција од КОВИД -19 и протоколи за спречување од ширење на коронавирусот донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија. Но сепак и во услови на вака непредвидена ситуација, кога се работеше во година каде имаше редуцирани работни денови, поголем број отсуства на вработени (по основ на боледувања, решенија за изолација итн), Државната комисија со расположливите просторни, технички и човечки капацитети е задоволна како успеа да се организира и во едни вакви услови успева да постапува по предметите во законски предвидените рокови.

Вкупниот број на предмети по кои постапила Државната комисија во 2020 година е 5679, од кои решени се 5159 предмети и 520 предмети се административно пратени на доуредување до надлежен орган.

Во 2020 година во Државната комисија, примени се вкупно 4251 предмети од кои, решени се 2985 предмети и 335 предмети се административно пратени на доуредување до надлежен орган или вкупно Државната комисија постапила по вкупно 3320 предмети примени и оформени во 2020 година. Од примените предмети во 2020 година останеле вкупно 931 предмети по кои Државната комисија не постапила до 31.12.2020 година.

Покрај по предметите примени и оформени во 2020 година, Државната комисија во текот на 2020 година има постапено и по вкупно 2359 предмети примени и оформени во претходните години, од кои решени се 2174 предмети

односно за истите донела конкретен управен акт – Решение/Одлука, додека 185 предмети биле пратени на административно доуредување до надлежен орган.

Државната комисија од 01.01.2021 година до 27.02.2021 година постапила по уште 859 предмети примени и оформени во 2020 година.

## 1.1 Преглед на главните активности и достигнувања

Табела 1

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно примени предмети во 2020 | 4251 | |
| Вкупно решени предмети во 2020 | 5159 | |
| Постапено со административно барање | 520 | За конечно решавање на овие предмети потребна е достава на докази и списи од првостепените органи и одговор од Државниот управен инспекторат |
| Вкупно предмети по кои постапила Државната Комисија во 2020 година | 5679 | |
| Вкупно предмети по кои воопшто не постапила Државната Комисија а се примени во 2020 година | 931 | |

Видно од Табелата 1, Државната комисија во 2020 година примила вкупно 4251 предмети.

- Вкупно се решени 5159 предмети (од примените во 2020 година решени се 2985 предмети, додека од претходните години 2174)

- 520 предмети се постапени со административен допис, ургенции и слично (од примените во 2020 година 335, додека од претходните години 185 административни дописи).

- 931[1] предмети кои се примени во 2020 година воопшто не се постапени.

[1] Заклучно со 25.02.2021 година од примените во 2020 година, Државната комисија реши уште 407 предмети.

### 1.1.1 *Структура и вид на одлуки*

Табела 2

| Структура на предмети според начин на постапување и вид на одлуки | |
|---|---|
| Уважени жалби | 1633 |
| Одбиени жалби | 2661 |
| Отфрлени жалби | 252 |
| Запрени постапки | 86 |
| Мериторни одлуки/огласено за ништовно | 22 |
| Натамошно постапување на надлежен орган | 199 |
| Исправка на техничка грешка | 11 |
| Затворени со службена белешка | 61 |
| Донесени решенија по пресуда | 234 |
| **Вкупно решени** | **5159** |
| Административно барање | 520 |
| **Вкупно постапени** | **5679** |

Видно од Табелата 2, по предметите оформени по жалби изјавени против решенија на првостепените органи, Државната комисија од вкупниот број на решени предмети ги донела следните одлуки:

- Во 1633 предмети ја уважила жалбата на жалителот, го поништила првостепеното решение и предметот го вратила на повторно разгледување и одлучување (од примените во 2020 година 883, додека од претходните години 750).;
- Во 2661 ја одбила жалбата како неоснована (од примените во 2020 година 1781, додека од претходните години 880);
- Во 252 предмети ја отфрлила жалбата како ненавремена, недопуштена или изјавена од неовластено лице (од примените во 2020 година 148, додека од претходните години 104);
- Во 86 предмети ја запрела постапката по изјавената жалба (од примените во 2020 година 25, додека од претходните години 61) ;

- Во 22 предмети го поништила првостепеното решение и самата го решила предметот односно го огласила за ништовно решението (мериторни одлуки) (од примените во 2020 година 15, додека од претходните години 7);
- Со 11 решенија е исправена техничка грешка на решенија донесени од страна на Државната комисија ( за предмети примени и оформени во 2020 година се донесени 5 решенија за исправка на техничка грешка, додека за предмети од преостанатите години се донесени 6 решенија за исправка на техничка грешка)
- 199 предмети се пратени на натамошно постапување на надлежен орган. Во овој случај, по оформување на предметот, Државната комисија извршила увид во списите на предметот и констатирала дека согласно законските одредби не е надлежна да постапува, односно дека друг орган е надлежен да постапува по изјавената жалба и ја праќа на натамошно постапување на надлежен орган (од примените во 2020 година 90, додека од претходните години 109);
- 61 предмет се затворени со службена белешка (од примените во 2020 година 31, додека од претходните години 30)
- Во 234 предмети Државната комисија донела решенија по донесени пресуди од Управниот суд, кои ги примила Државната комисија во 2020 година, (од примените во 2020 година 7 , додека од претходните години 227);
- Во 520 предмети се поднесени административни барања, преку кои на првостепениот орган се укажува на претходно утврдени недостатоци и истите да ги отстрани, како и да ги достави бараните докази и списи со цел да се докомплетира предметот како би можела Државната комисија да постапува по истиот (од примените во 2020 година 335, додека од претходните години 185).

### *1.1.2 Управно-судска заштита*

Во членот 10 од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен предвидена е судска заштита против решенија на Државната Комисија пред Управниот, односно надлежниот редовен суд.

Табела 3

| Поведени управни спорови против решенија на Државната Комисија и донесени пресуди од Управниот суд кои се доставени до ДК за 2020 година | |
|---|---|
| Број на поведени управни спорови против донесени 2985 решенија на Државната комисија примени во 2020 година | 181 односно 6,06 % |
| Доставени пресуди до ДК | 657 |
| Одбиени тужби | 358 |
| Отфрлени тужби | 61 |
| Уважени тужби | 219 |
| Запрени | 19 |
| Не се доставени пресуди до ДК | 120 |

Видно од табелата 3, можеме да констатираме дека од вкупниот број на донесени 2985 донесени решенија по предмети оформени во 2020 година, на Државната комисија, против кои може да се поведен управен спор, поведени се 181 управни спорови, односно само 6.06 % што укажува на високата доверба во одлуките на Државната комисија, како и на позитивното влијание на Државната комисија во намалувањето на приливот на предмети во Управниот суд.

Од 181 поведени управни спорови против решенија на Државната комисија за предмети оформени во 2020 година, до Државната Комисија се доставени 61 пресуди, а не се доставени 120.

Од доставените 61 пресуди на Управниот суд, донесени по тужби изјавени против решенија донесени по предмети оформени во 2020 година, кои се доставени до Државната комисија, во 35 одбиена тужбата како неоснована и е потврдена одлуката на Државната комисија, во 12 е отфрлена тужбата, во 14 е уважената тужбата на тужителот и предметот е вратен на повторно рагледување и одлучување до Државната комисија и за 0 е запрена постапката.

Од доставените 596  одлуки ( пресуди или Решенија) на Управниот односно Вишиот управен суд кои со кои одлуки се оспорени решенија на Државната комисија за предмети од претходните години,  во 323 е одбиена тужбата како

неоснована и е потврдена одлуката на Државната комисија, во 49 е отфрлена тужбата, во 19 запрена постапката, додека во 205 е уважена тужбата на тужителот и предметот е вратен на повторно разгледување и одлучување до Државната комисија.

Од вкупно 219 одлуки на Управниот односно Вишиот управен суд, со кои одлуки тужбата/жалбата е уважена а оспореното Решение на Државната комисија поништено и предметот вратен на повторно разгледување и одлучување по жалбата, 79 одлуки се донесени во отсуство на списи, додека 140 одлуки се донесени со списи.

## 1.2 Цели

Главните цели кон кои ќе биде насочена Државната комисија во постигнување за наредната година се: подобрување на ефикасноста на работењето според сите утврдени критериуми и индикатори за мерење на успешноста, зголемување и надградба на човечките, материјалните и ИТ капацитетите на институцијата, унапредување на транспарентноста и соработката со други државни органи, граѓански здруженија и невладини организации кои имаат активен пристап во промовирањето на правата на граѓаните во управната постапка, реализација на препораките и заклучоците кои се составен дел на овој Извештај.

# 2. Вовед

## 2.1 Независност

Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ја обезбедува независноста на Државната комисија како тело основано од Собранието на Република Македонија, чија основна надлежност е контрола на законитоста на актите на извршната власт, во второстепена постапка. Согласно член 7 од Законот за основање, се забранува секој облик на влијание врз донесувањето на одлуките на Државната Комисија, а особено секоја злоупотреба на јавните овластувања заради влијание на текот и исходот на постапката.

## 2.2 Мисија

Заштита на материјалните и процедуралните права, како и правните интереси на физичките лица, правните лица и другите странки во управната постапка, заштита на јавниот интерес, контрола на законитоста во одлучувањето и постапувањето на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

## 2.3 Визија

Континуиран напредок во подобрување на капацитетите на Државната комисија во насока на заштита на правата на граѓаните и правните лица во управната постапка, како и одржување на високото ниво на доверба во одлуките на Државната комисија.
Стремеж кон зголемување на бројот на мериторно донесени одлуки од страна на Државната комисија.

## 2.4 Вредности

Во постапувањето и одлучувањето, Државната комисија секогаш се води од начелата на законитост, пропорционалност, економичност и ефикасност во постапката, еднаквост, непристрасност и објективност, сервисна ориентираност и правилно утврдување на материјалната вистина.

# 3. Статус, раководство, надлежност и организациона структура

## 3.1 Општ дел

Државната комисија е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи.

Државната комисија е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен од Комисијата за хартии од вредност. Државната комисија е надлежна да одлучува и за прашања од областа на работните односи во втор степен (кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација), за прашањата од областа на работните односи за државните службеници од Агенцијата за администрација, како и против решенијата на Министерството за внатрешни работи со кои се поништени решенијата за доделување на награди. Во постапката за решавање по жалби, Државната комисија ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со закон поинаку не е уредено.

Надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи, се утврдува со посебните закони.

Државната комисија е државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице. Државната комисија има стручна служба, со која раководи генерален секретар. На вработените во стручната служба се применуваат одредбите од Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавен сектор.

Државната комисија е составена од претседател и десет члена кои функцијата ја извршуваат професионално. Претседателот и членовите на Државната комисија ги именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија. Претседателот и членовите на Државната комисија се именуваат за период од пет години со право на повторен избор. Изборот се врши согласно одредбите од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, каде што во член 3 став (5) и (6) се наведени условите што лицата кои ќе бидат именувани за претседател и членови на Државната комисија треба да ги исполнат.

По жалбените предмети, Државната комисија одлучува на седница со мнозинство од вкупниот број членови. Државната комисија може да работи само доколку на седницата се присутни најмалку седум члена. На седниците на Државната комисија задолжително присуствува претседателот и/или неговиот заменик. Член на Државната комисија не може да биде воздржан при гласање. Седниците на Државната комисија не се јавни.

Начинот на работа и постапката за одлучување пред Државната комисија е уреден со Деловник за начинот на работа и одлучување на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## 3.2 Организација и работа на Државната комисија

Државната комисија е составена од претседател и десет члена на Државната комисија. Заменик-претседателот на Државната комисија е избран од редот на членовите на Комисијата.

Стручната служба на Државната комисија, согласно Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија и Правилникот за систематизација на работните места во Државната комисија, е предвидено да работи со шест државни советници, пет сектори, тринаесет одделенија во составот на секторите и едно самостојно одделение. Со стручната служба раководи генерален секретар. Во Стручната служба на Државната комисија вработени се вкупно 60 лица.

## 3.3 Внатрешна организација на Државната комисија

Внатрешната организација на Државната комисија е уредена со Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија.

Со Правилникот се утврдува внатрешната организација на Државната комисија, видот и бројот на организациските единици, нивниот делокруг на работа, начинот на раководењето и графичкиот приказ на внатрешната организација на Државната комисија (органограм).

Внатрешната организација на Државната комисија е уредена согласно надлежностите на Државната комисија утврдени во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и посебните закони со кои се определува надлежност за одлучување на Државната комисија.

Внатрешната организација во Државната комисија се заснова на начелата на:

- Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите и задачите;

- Насоченост кон корисниците на услуги на Државната комисија;
- Независност и одговорност при вршењето на службените задачи;
- Еднообразност и хиерархиска поставеност на организациските единици;
- Делегирање на овластувања и
- Меѓуресорска и меѓусекторска координација.

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, организирање, следење и координирање на работите, како и заради извршување на информатичко-технолошки работи, работи во врска со управување со човечки ресурси, нормативно-правни, информативно-комуникациски, информативно-документарни, стручно-аналитички, надзорни, материјално-финансиски, стручно-административни и други работи, во Државната комисија се основаат следните организациски единици:

* Сектор за здравство, труд и социјална политика, образование, наука и култура;
* Сектор за работни односи и внатрешни работи и граѓански сектор;
* Сектор за транспорт и врски, имотно- правни работи и локална самоуправа, земјоделство, шумарство, водостопанство, ветеринарство, економија, финансии и заштита на животната средина;
* Сектор за финансиски прашања
* Сектор за стручно - административни работи;
* Самостојно одделение:
    - Одделение за управување со човечки ресурси

## 3.4. Кадровска структура на Државната комисија (заклучно со 31.12.2020)

Со **Правилникот за систематизација на работните места** во Државната комисија, со архивски број 0101-1577 од 24.09.2015 година и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места со архивски броеви 0101-435 од 29.02.2016; 0101-1161/1 од 14.06.2016; 0101-1253 од 24.11.2017; 0101-430 од 26.03.2018; 0101-193/2 од 28.01.2019; 0101-1206/2 од 30.08.2019 и 0101-193/5 од 13.11.2019 година и 0101-193/7 од 29.11.2019 година, **утврдени се вкупно 74 работни места со 87 извршители, односно административни службеници,** распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија, **од кои пополнети се 60 работни места, а непополнети остануваат 27 работни места.**

**Кадровската состојба заклучно со 31.12.2020 година е следната:**

| Работно место | Пополнети (заклучно со 31.12.2020) | Предвидени |
|---|---|---|
| Генерален секретар | 1 | 1 |
| Државен советник | 4 | 6 |
| Раководител на сектор | 3 (+1 во мирување) | 5 |
| Помошник раководител на сектор | 4 | 7 |
| Раководител на одделение | 10 | 14 |
| Советник | 14 | 17 |
| Виш соработник | 4 | 5 |
| Соработник | 2 | 7 |
| Помлад соработник | 10 | 13 |
| Самостоен референт | 4 | 4 |
| Референт | 0 | 2 |
| Помлад референт | 4 | 6 |
| **Вкупно стручна служба** | **60** | **87** |

Кадровска состојба на систематизирани, пополнети и непополнети работни места

| Кадровска состојба | Вкупно |
|---|---|
| Пополнети | 60 |
| Непополнети | 27 |
| **Вкупно систематизирани** | **87** |

Во однос на именуваните лица, состојбата е следна:
Заклучно со 31 декември 2020 година, бројот на именувани е 10 лица и тоа: претседател и 9 члена (оваа состојба датира од 18 октомври 2018 година).

| **Именувано лице** | **Вкупно** |
|---|---|
| Претседател на Државната комисија | 1 |
| Заменик – претседател на Државната комисија | 1 |
| Член на Државната комисија | 8 |
| Вкупно | 10 |
| Предвидени | 11 |

Според категориите на административни службеници, вработени раководни административни службеници се вкупно 22, вработени стручно-административни службеници се вкупно 30, а вработени помошно-стручни административни службеници се вкупно 8.

**Во прилог табела на систематизирани и пополнети работни места според категориите на административни службеници:**

| **Ниво/Звање** | **Систематизирани работни места** | **Пополнети работни места** |
|---|---|---|
| А02/Генерален секретар | 1 | 1 |
| Б01/Државен советник | 6 | 4 |
| Б02/Раководител на сектор | 5 | 3 (+1 во мирување) |
| Б03/Помошник раководител на сектор | 7 | 4 |
| Б04/Раководител на одделение | 14 | 10 |
| В01/Советник | 17 | 14 |
| В02/Виш соработник | 5 | 4 |
| В03/Соработник | 7 | 2 |
| В04/Помлад соработник | 13 | 10 |
| Г01/Самостоен референт | 4 | 4 |
| Г02/Виш референт | / | / |
| Г03/Референт | 2 | / |
| Г04/Помлад референт | 6 | 4 |

**Табела на вработени во Државната комисија според националната припадност/правичната застапеност:**

| **Националност** | **Вкупно (заклучно со 31.12.2020)** |
|---|---|
| Македонци | 46 |
| Албанци | 7 |
| Турци | 0 |
| Срби | 2 |
| Власи | 1 |
| Роми | 3 |
| Бошњаци | 1 |
| Други | 0 |
| **Вкупно** | **60** |

**Табела на вработени според видот на работното место**

| **Вид на работно место** | **Вкупно (заклучно со 31.12.2020)** |
|---|---|
| Именувани лица | 10 |
| Раководни административни службеници | 22 |
| Стручно – административни службеници | 30 |
| Помошно – стручно административни службеници | 8 |
| **Вкупно** | **70** |

**Табела на вработени во Државната комисија според степенот на образование**

| **Вид на образование** | **Вкупно (заклучно со 31.12.2020)** |
|---|---|
| Високо образование | 51 |
| Вишо образование | 2 |
| Средно стручно образование | 7 |
| Основно образование | / |
| **Вкупно** | **60** |

**Табела на вработени во Државната комисија според полот**

| **Пол** | **Вкупно (заклучно со 31.12.2020)** |
|---|---|
| Машки | 24 |
| Женски | 36 |
| **Вкупно** | **60** |

**Табела на вработени во Државната комисија според возраста**

| **Возраст** | **Вкупно (заклучно со 31.12.2020)** |
|---|---|
| Помлади од 24 години | / |
| Од 25 до 49 години | 52 |
| Постари од 50 години | 8 |
| **Вкупно** | **60** |

# 4. Реализирани активности произлезени од законските надлежности

## 4.1 Предмети од областа на социјалната политика

Во рамки на своите законски надлежности, Државната комисија е надлежна и за решавање жалби против решенија од областа на социјалната политика, односно решенија со кои се одлучува за еднократна парична помош (решенија на министер за труд и социјална политика), рефундирање на средства за набавка на патнички автомобили за лица со попреченост (платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза), посвојување и друго.

Надлежноста за одлучување во овие области произлегува од Законот за социјалната заштита , Закон за социјална сигурност на старите лица, Закон за младински додаток и Законот за семејството.

Согласно одредбите од погоре цитираните закони, права за кои има надлежност да одлучува Државната комисија се следниве:

- право на гарантирана минимална помош
- еднократна парична помош
- право на социјлана сигурност за стари лица
- рефундација на средства за набавка на патнички автомобили за лица со попреченост
- право на младински додаток
- посвојување
- друго

Во оваа област, во 2020 година, во Државната комисија се примени и оформени **вкупно 962 предмети** и заведени со архивски знак 1104.

Од предметите од оваа област, кои се примени и оформени во 2020 година, Државната комисија **постапила по вкупно 710 предмети, при што решени се 607 предмети, 48 предмети се препратени на надлежност, 1 предмет е затворен со службена белешка, за 03 предмети е донесена одлука по пресуда на Управен/Виш управен суд и 51 предмети се вратени на администативно доредување, а 252 предмети останале непостапени.**

**Ова значи дека во Државната комисија останале вкупно 303[2] нерешени предмети (оваа бројката е збир на непостапените и административно постапените предметите) .**

- 194 предмети каде жалбата се уважува
- 375 предмети каде жалбата се одбива

[2] Од вкупно прикажаните 303 нерешени предмети примени и оформени во 2020 година, Државната комисија до 25.02.2021 година, постапила односно донела одлука по вкупно 194 предмети од областа на социјалната политика, што значи останале вкупно 109 нерешени предмети примени во 2020 година.

- 029 предмети каде жалбата се отфрла
- 004 предмети каде постапката е запрена
- 005 решенија за исправка на техничка грешка
- 048 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 003 Донесени Решенија во повторна постапка по пресуда на Управен/Виш управен суд
- 001 предмет затворен со службена белешка
- 051 предмет по кој е побарано административно доуредување
- 252 вкупно непостапени предмети
- 303 Вкупно нерешени предмети од 2020 година.

| ПРИМЕНИ И ОФОРМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО 2020 година | |
|---|---|
| Предмети од областа на социјалната политика | |
| Уважени жалби | 194 |
| Одбиени жалби | 375 |
| Отфрлени жалби | 29 |
| Запрени постапки | 04 |
| Исправка на техничка грешка | 5 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 48 |
| Донесени решенија по пресуда на Управен/Виш Управен суд | 3 |
| Затворени со службена белешка | 1 |
| Административно доуредување | 51 |
| Вкупно постапени предмети | 710 |
| Непостапенеи предмети предмети | 252 |
| **Вкупно нерешени предмети од 2020 (со адм)** | **303** |
| **Вкупно примени** | **962** |




*вкупно предмети од областа на социјалната политика примени и оформени во Државната комисија во 2020 година

Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2020 година, според основ по кој е вложена жалбата и вид на одлука

| Вид на одлука | Гарантирана минимална помош | Социјална сигурност за стари лица | Рефундација на парични средства | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Уважени жалби** | 114 | 82 | 0 | / | 196 |
| **Одбиени жалби** | 287 | 85 | 4 | / | 376 |
| **Отфрлени жалби** | 20 | 9 | 0 | / | 29 |
| **Запрени постапки** | 2 | 2 | / | / | 4 |
| **Пратени на надлежен орган** | 45 | 3 | 0 | / | 48 |
| **Исправка на техничка грешка** | 5 | 0 | 0 | / | 5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Службена белешка** | 1 | 0 | 0 | | 1 |
| **Адм.доуре дување** | / | / | / | / | 51 |
| **Донесени решенија по пресуда** | 2 | 1 | / | / | 3 |
| **Непостапе ни предмети** | / | / | / | / | 252 |
| **Не решени предмети (со адм)** | / | / | / | / | 303 |
| **ВКУПНО примени предмети** | / | / | / | / | 962 |




*вкупно предмети од областа на социјалната политика, примени и оформени пред Државната комисија во 2020 година

Покрај наведените предмети кои биле тековно примени и решени, Државната комисија оваа година **решила и 662 предмети кои се примени во претходни години**:

- 257 предмет каде жалбата се уважува
- 341 предмет каде жалбата се одбива
- 35 предмети каде жалбата се отфрла

- 08 предмети каде постапката е запрена
- 03 предмети каде е донесено решение за исправка на техничка грешка
- 07 предмети препратени во надлежност
- 02 предмети затворени со службена белешка
- 09 предмети по пресуда

Против решенијата од областа на социјалната политика, донесени во 2020 година, **биле поведени 14 управни спорови**, за кој до Државната комисија се доставени вкупно 8 одлуки на Управниот односно Вишиот управен суд, од кој за 4 предмети тужбата е одбиена, за 2 предмети тужбата е уважена и за 2 предмети тужбата е отфрлена.

| **Пресуди на Управен/Виш управен суд против решенијата на Државната комисија од областа на социјалната политика решени и пристигнати во 2020** | |
|---|---|
| Одбиени тужби | 04 |
| Уважени тужби | 02 |
| Отфрлени тужби | 2 |
| **Запрена постапка** | **0** |
| **Вкупно** | **08** |

Дополнително, во текот на 2020 година, до Државната комисија се доставени и 61 пресуди во врска со решенија на Државната комисија од областа на социјалната политика донесени во претходни години, од кои со 14 пресуди тужбата била одбиена како неоснована, со 39 пресуда тужбата била уважена и поништено решение на Државната комисија, во 1 случај тужбата била отфлена додека во 7 случаеви постапката била запрена.

| **Пресуди на Управен/Виш управен суд против решенијата на Државната комисија од областа на социјалната политика пристигнати во 2020 (за предмети 2018-2020)** | |
|---|---|
| Одбиени тужби | 14 |
| Уважени тужби | 39 |
| Отфрлени тужби | 1 |
| **Запрена постапка** | **7** |
| **Вкупно** | **61** |

Од вкупно пристигнатите 42 Пресуди (39 пресуди за предмети од 2012-2019 година и 3 пресуди за предмети од 2020 година), каде тужбата се уважува а решението на Државната комисија се поништува и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување 15 одлуки се донесени во отуство на списи додека 25 одлуки се донесени со списи.

| **Пристигнати уважителни пресуди во текот на 2020 година** | | |
|---|---|---|
| ПО ГОДИНИ | СО СПИСИ | БЕЗ СПИСИ |
| за предмети оформени во 2020 | 2 | 1 |
| за предмети оформени во 2019 | 23 | 16 |
| за предмети оформени во 2018 | 0 | 0 |
| **вкупно** | **25** | **17** |
| **вкупно** | **42** | |

*табеларен приказ на пристигнатите одлуки на Вишиот управен суд односно Управниот суд, во кои тужбата е уважена и е поништено Решението на Државната комисија.




*графички/процентуален приказ од уважените пресуди (донесени со списи и донесени без списи)

Од сето горенаведено, целокупната работна активност на Државната комисија од областа на социјалната политика во 2020 година може да се сумира на следниот начин:

| **Работна активност на Државната комисија од областа на социјалната политика во 2020 година** | |
|---|---|
| Вкупно предмети примени во 2020 по кои е донесена одлука | 607 |
| Вкупно предмети примени во 2020 година кои се пратени на понатамошно постапување | 48 |
| Вкупно предмети примени во 2020 година кои се затворени со службена белешка | 1 |
| Вкупно предмети примени во 2020 година пратени на административно доуредување | 51 |
| Постапени по пресуда | 3 |
| **Вкупно постапени предмети при мени во 2020 година** | **710** |
| Вкупно предмети примени во претходните години (2012-2019 година) и административно докомплетирани предмети по кои е донесена одлука | 644 |
| Вкупно предмети примени во претходните години (2012-2019 година) кои се пратени на понатамошно постапување | 7 |
| Вкупно предмети примени во во претходните години (2012-2019 година) кои се затворени со службена белешка | 2 |
| Постепени  по пресуда | 9 |
| Вкупно решени предмети од претходните години (2012-2019) | **662** |
| Вкупно постапени предмети по Пресуда (2012-2020) | 12 |
| **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО 2020 (2012-2020)** | **1372** |

| **Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на социјалната политика во 2020 година,според начин на постапување и вид на одлука** | |
|---|---|
| Уважени жалби | 451 |
| Одбиени жалби | 716 |
| Отфрлени жалби | 64 |
| Запрени постапки | 12 |
| Мериторни одлуки | 0 |
| Огласени за ништовни | 0 |
| Донесени решенија по Пресуда | 12 |
| Затворени предмети со службена белешка | 3 |

| | |
|---|---|
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 55 |
| Исправка на техничка грешка | 8 |
| Пратени на административно доуредување | 51 |
| **Вкупно** | **1372** |




Од вкупно прикажаните 303 нерешени предмети примени во 2020 година, како и од предметите по кои било побарано административно доуредување, Државната комисија до 25.02.2020 година, постапила односно донела одлука по вкупно 194 предмети од областа на социјалната политика, **што значи останале уште вкупно 109 нерешени предмети од 2020 година.** Овие предмети ќе бидат прикажани во наредниот извештај за 2021 година.

## 4.2 Предмети од областа на образованието, науката и културата

Во рамки на своите законски надлежности, Државната комисија е надлежна и за решавање жалби против решенија од областа на образованието, науката и културата, односно решенија со кои се одлучува за доделување ученички и студентски стипендии, решенија за одобрување и употреба на учебници во основното и средното образование, избор на проекти пријавени на конкурсите за финансирање проекти од национален интерес во културата, како и на конкурсите за финансирање проекти од национален интерес во филмската дејност, решенија за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовен кадар, решенија за вршење дејност спорт и друго.

Надлежноста за одлучување во овие области произлегува од следните закони:

- Законот за ученичкиот стандард;
- Законот за студентскиот стандард;
- Законот за учебници за основно и средно образование;
- Законот за високото образование;
- Законот за културата;
- Закон за Бирото за развој на образованието, и
- Закон за спортот.

Во оваа област, во 2020 година, во Државната комисија се примени и оформени **вкупно 288 предмети** заведени со архивски знак 1105, од кои 47 жалби за стипендии, 233 за проекти од областа на културата, 3 за проекти од филмската дејност и 5 жалби по други основи.

Од предметите од оваа област, кои се примени и оформени во 2020 година, Државната комисија **постапила по 286 предмети, при што решени се 260 предмети, 26 предмети се вратени на административно доуредување, а 2 предмети останале нерешени:**

- 3 предмети каде жалбата се уважува
- 229 предмети каде жалбата се одбива
- 5 предмети каде жалбата се отфрла
- 2 запрени постапки
- 26 предмети по кои е побарано административно доуредување
- 21 предмети по кои постапил првостепениот орган (затворени со службена белешка)
- 2 нерешени предмети[3].

[3] Од вкупниот број на 2 нерешени предмети и 26 предмети за кои било побарано административно доуредување од првостепениот орган, заклучно со седницата одржана на 25.02.2021 година, решени се 21 предмети.

| 2020 година | |
|---|---|
| **Предмети од областа на образованието и науката** | |
| Уважени жалби | 3 |
| Одбиени жалби | 229 |
| Отфрлени жалби | 5 |
| Запрени постапки | 2 |
| Административно доуредување | 26 |
| Предмети по кои постапил првостепениот орган | 21 |
| Нерешени предмети | 2 |
| **Вкупно** | **288** |



Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2020 година, според основ по кој е вложена жалбата и вид на одлука.

| Вид на одлука | Стипендии | Проекти од културата | Проекти од филмската дејност | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Уважени жалби** | 2 | 1 | / | / | 3 |
| **Одбиени жалби** | 24 | 201 | 3 | 1 | 229 |
| **Отфрлени жалби** | / | 3 | / | 2 | 5 |
| **Запрени постапки** | 1 | 1 | / | / | 2 |
| **Административно доуредување** | 18 | 6 | / | 2 | 26 |
| **Жалби по кои постапил првостепени от орган** | 2 | 19 | / | / | 21 |
| **Нерешени предмети** | / | 2 | / | / | 2 |
| **ВКУПНО** | **47** | **233** | **3** | **5** | **288** |




Покрај наведените предмети кои биле тековно примени и решени, Државната комисија оваа година **решила и 204 предмети кои се примени во претходни години**:

- 1 предмет каде жалбата се уважува
- 150 предмети каде жалбата се одбива
- 27 се затвараат со службена белешка и
- 26 се отфрлени.

Против решенијата од областа на образованието и културата, донесени во 2020 година, биле поведени вкупно 2 управни спорови, за кои до Државната комисија е доставена 1 пресуда со која тужбата била одбиена како неоснована. За една тужба до Државната комисија не била доставена пресуда.

| | Стипендии | Проекти од култура | Проекти од филмска дејност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Заведен управен спор** | / | 1 | 1 | 2 |
| **Пресуди со кои се одбива тужбата** | / | 1 | / | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Пресуди со кои се уважува тужбата** | / | / | / | / |
| **Решение за отфрлање на тужбата** | / | / | / | / |
| **Не е доставена пресуда** | / | / | 1 | 1 |

Во текот на 2020 година, до Државната комисија се доставени и 11 пресуди во врска со решенија на Државната комисија од областа на образованието и културата донесени во претходни години, од кои со 11 пресуди во отсуство на списите на предметот тужбите биле уважени и поништени решенија на Државната комисија. Во врска со пресудите со кои тужбите биле уважени, Државната комисија повторно одлучувала и донела 11 решенија согласно насоките на Управниот суд.

| **Пресуди на Управен/Виш управен суд против решенијата на Државната комисија од областа на образованието и културата, пристигнати во 2020 година** | |
|---|---|
| Одбиени тужби | / |
| Уважени тужби | 11 |
| Отфрлени тужби | / |
| Запрени постапки по тужба | / |
| **Вкупно** | **11** |



Целокупната работна активност на Државната комисија во областа на образованието и науката, во 2020 година, се состоела од следното:

| **Вкупна работна активност на Државната комисија од областа на образованието и културата** | |
|---|---|
| Вкупно решени предмети од 2020 година | 260 |
| Вкупно решени предмети од претходни години | 204 |
| Вкупно предмети по пресуда по кои Државната комисија повторно постапувала и донела одлука | 11 |
| Вкупно предмети пратени на административно доуредување | 26 |
| **Вкупно** | **501** |

| **Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на образованието и науката, според начин на постапување и вид на одлука** | |
|---|---|
| Уважени жалби | 4 |
| Одбиени жалби | 379 |
| Отфрлени жалби | 31 |
| Запрени постапки | 2 |
| Мериторни одлуки | / |
| Пратени на административно доуредување | 26 |
| Жалби по кои постапил првостепениот орган/затворени со службена белешка | 48 |
| Донесени решенија по пресуда | 11 |
| **Вкупно** | **501** |


Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на образованието и културата, според начин на постапување и одлука
уважени жалби
одбиени жалби
отфрлени жалби
запрени постапки
пратени на натамошно постапување на надлежен орган
затворени со службена белешка
административно доуредување
донесени решенија по пресуда
0%
0%
6%
10%
5%
2%
1%
76%

## 4.3 Предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор

Во рамки на своите законски надлежности, Државната комисија е надлежна и за решавање жалби против решенија од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор, односно решенија на Министерството за внатрешни работи со кои се одлучува за одобрение за набавка на оружје, одземање на оружје, замена на дозвола за оружје, за барања на граѓаните за пријавување и одјавување на живеалиште и престојувалиште, за издавање на лична карта/забрана за употреба на личната карта за преминување на државната граница, за издавање/одземање на патна исправа, издавање/одземање на дозвола за привремен/постојан престој на странец во Република Северна Македонија, одбивање влез на странец во Република Северна Македонија, протерување странец и издавање патна исправа за странец, издавање/одземање дозвола за приватно обезбедување на друштва за обезбедување.

Во оваа област, Државната комисија е надлежна и за одлучување по жалби против решенија на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ) со кои се одлучува за поднесени барања за издавање на безбедносен сертификат, како и против решенија за престанок на важноста на безбедносен сертификат пред истекот на неговата важност.

Државната комисија е законски надлежна и за одлучување по жалби против решенија на Управата за водење на матичните книги: решенија за дополнителен упис во матичните книги и решенија за упис на податоци за раѓање, склучување брак или смрт на државјанин на Република Северна Македонија во странство, како и против решенија за исправка на податоци во матичните книги.

Надлежноста за одлучување во оваа област произлегува од следните закони:

- Законот за оружјето;
- Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните;
- Законот за личната карта;
- Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија;
- Законот за странци;
- Законот за приватно обезбедување;
- Законот за класифицирани информации, и
- Законот за матичната евиденција.

Во оваа област, во 2020 година, во Државната комисија се примени **вкупно 808 жалби** заведени со архивски знак 1108, од кои 747 жалби за оружје, 17 жалби од странци, 17 жалби од матични книги, 10 жалби за безбедносни сертификати, 5 жалби

за патни исправи и 12 жалби по други основи (престојувалиште, државен карантин и правни работи за кои Државната комисија нема надлежност за одлучување).

Од вкупниот број на 808 жалби од оваа област, кои се примени и оформени во 2020 година, Државната комисија **постапила по 481 предмети, при што решени се 478 предмети, 3 предмети се вратени на административно доуредување, а 327 предмети останале нерешени:**

- 289 предмети каде жалбата се уважува
- 160 предмети каде жалбата се одбива
- 15 предмети по кои се донесени мериторни одлуки
- 11 предмети каде жалбата се отфрла
- 3 предмети каде постапката е запрена
- 3 предмети по кои е побарано административно доуредување
- 327 нерешени предмети[4]

| **2020 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор** | |
| Уважени жалби | 289 |
| Одбиени жалби | 160 |
| Мериторни одлуки | 15 |
| Отфрлени жалби | 11 |
| Запрени постапки | 3 |
| Административно доуредување | 3 |
| Нерешени предмети | 327 |
| **Вкупно** | **808** |

[4] Од вкупниот број на 327 нерешени предмети и 3 предмети за кои било побарано административно доуредување од првостепениот орган, заклучно со седницата одржана на 25.02.2021 година, решени се 241 предмет.




Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2020 година, според основ по кој е вложена жалбата и вид на одлука на Државната комисија.

| Вид на одлука | Оружје | Патни исправи и лични карти | ДБКИ | Странци | Аг. за обезб | Мат. книги | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уважени жалби** | 282 | / | / | / | / | 3 | 4 | **289** |
| **Одбиени жалби** | 135 | 5 | 3 | 8 | / | 4 | 5 | **160** |
| **Мерит. одлуки** | 13 | / | / | / | / | 2 | / | **15** |
| **Отфрлени жалби** | 7 | / | / | 1 | / | 1 | 2 | **11** |
| **Запрени постапки** | 2 | / | / | 1 | / | / | / | **3** |
| **Админис. доуред.** | 1 | / | / | / | / | 2 | / | **3** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нерешени предмети** | 307 | / | 7 | 7 | / | 5 | 1 | **327** |
| **ВКУПНО** | **747** | **5** | **10** | **17** | **/** | **17** | **12** | **808** |




Покрај наведените предмети кои биле тековно примени, Државната комисија оваа година **решила и 164 предмети кои се примени во 2019 година**:

- 78 предмети каде жалбата се уважува
- 7 предмети каде мериторно се одлучува
- 68 предмети каде жалбата се одбива
- 3 предмети каде жалбата се отфрла, и
- 8 предмети каде постапката се запира.

Против решенијата од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор, донесени во 2020 година, **биле поведени вкупно 13 управни спорови**, за кои до Државната комисија не се доставени податоци за донесена пресуда од страна на Управниот суд.

| | Оружје | ДБКИ | Странци | Матични книги | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Заведен управен спор** | 7 | 1 | 1 | 3 | 1 | 13 |
| **Не е доставена пресуда** | 7 | 1 | 1 | 3 | 1 | 13 |

Дополнително, во текот на 2020 година, до Државната комисија се доставени и 80 пресуди/решенија на Управниот/Вишиот управен суд во врска со решенија на Државната комисија од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор донесени во претходни години, од кои со 50 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, со 18 пресуди тужбите биле уважени и поништени решенија на Државната комисија, 6 тужби биле отфрлени, а по 6 тужби постапката била запрена.

Во врска со пресудите со кои тужбите биле уважени, Државната комисија повторно одлучувала по 6 правосилни предмети и донела одлуки согласно насоките на Управниот/Вишиот управен суд.

Од пресудите со кои тужбата била уважена, 4 пресуди се донесени во отсуство на списи, односно поради тоа што списите на предметот не биле доставени до Управниот суд.

| **Пресуди на Управен/Виш управен суд против решенијата на Државната комисија од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор пристигнати во 2020** | |
|---|---|
| Одбиени тужби | 50 |
| Уважени тужби | 14 |
| Уважени тужби во отсуство на списи | 4 |
| Отфрлени тужби | 6 |
| Запрена постапка | 6 |
| **Вкупно** | **80** |




Целокупната работна активност на Државната комисија во областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор, во 2020 година, се состоела од следното:

| **Вкупна работна активност на Државната комисија од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор** | |
|---|---|
| Вкупно решени предмети од 2020 година | 478 |
| Вкупно решени предмети од 2019 година | 164 |
| Вкупно предмети по пресуда по кои Државната комисија повторно постапувала и донела одлука | 6 |
| Вкупно предмети пратени на административно доуредување | 3 |
| **Вкупно** | **651** |

| Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор, според начин на постапување и вид на одлука | |
|---|---|
| Уважени жалби | 367 |
| Мериторни одлуки | 22 |
| Одбиени жалби | 228 |
| Отфрлени жалби | 14 |
| Запрени постапки | 11 |
| Пратени на административно доуредување | 3 |
| Донесени решенија по пресуда | 6 |
| **Вкупно** | **651** |



## 4.4 Предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина

Во рамки на своите законски надлежности, Државната комисија е надлежна и за решавање жалби против решенија од областа на безбедноста на храната, производството на вино, регистарот на откупувачи на тутун, уписот и бришењето од регистар на откупувачи со земјоделски производи, уписот и бришењето од регистар на увозници на одделни земјоделски производи и уписот и бришењето од регистар на организации на производители, користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште, обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина, управувањето со отпадот, ставање во употреба и постапувањето со отпадот од пакување, условите, начинот и постапките под кои можат да се користат водите и заштита од штетното дејство на водите, стопанисувањето со шумите и друго.

Надлежноста за одлучување во овие области произлегува од следните закони:

- Закон за безбедност на храната;
- Закон за виното;
- Закон за тутун и тутунски производи;
- Закон за животната средина;
- Закон за управување со отпад;
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување;
- Закон за води;
- Закон за шумите;
- Закон за земјоделско земјиште, и
- Закон за земјоделство и рурален развој.

Во ова област, во 2020 година, во Државната комисија се примени **вкупно 38[5] жалби** и заведени со архивски знак 0807, од кои 6 жалби против решенија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, 17 жалби против решенија на Министерството за животна средина и просторното планирање, 7 жалби против решенија на Агенцијата за храна и ветеринарство и 8 жалби против решенија на градоначалници (Б-интегрирани еколошки дозволи).

Од вкупниот број 38 предмети од оваа област, кои се примени и оформени во 2020 година, Државната комисија **постапила по 33 предмети, при што решени се 29 предмети, 4 предмети се пратени на административно доуредување, а 5 предмети останале нерешени:**

[5] Во уписникот за предмети со архивски знак 0807 се заведени вкупно 39 предмети, од кои еден предмет е заведен двапати и е затворен со службена белешка.

- 10 предмети каде жалбата се уважува
- 9 предмети каде жалбата се одбива
- 9 предмети каде жалбата се отфрла
- 1 предмет каде постапката е запрена,
- 4 предмети по кои е побарано административно доуредување, и
- 5 нерешени предмети[6].

| 2020 година | |
|---|---|
| **Предмети од областа на земјоделството и животната средина** | |
| Уважени жалби | 10 |
| Одбиени жалби | 9 |
| Отфрлени жалби | 9 |
| Запрени постапки | 1 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | / |
| Административно доуредување | 4 |
| Нерешени предмети | 5 |
| **Вкупно** | **38** |




[6] Од вкупниот број на 5 нерешени предмети и 4 предмети за кои било побарано административно доуредување, заклучно со седницата одржана на 25.02.2021 година, решени се 5 предмети.

Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2020 година, според првостепен орган против чие решение е вложена жалбата и вид на одлука на Државната комисија.

| Вид на одлука | МЗШВ | МЖСПП | АХВ | Градоначалник | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уважени жалби** | 1 | 8 | 0 | 1 | 0 | 10 |
| **Одбиени жалби** | 1 | 3 | 1 | 4 | 0 | 9 |
| **Отфрлени жалби** | 2 | 0 | 6 | 1 | 0 | 9 |
| **Запрени постапки** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **Административно доуредување** | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 4 |
| **Нерешени предмети** | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| **ВКУПНО** | **6** | **17** | **7** | **8** | **0** | **38** |




Покрај наведените предмети кои биле тековно примени, Државната комисија оваа година **решила и 8 предмети од 2019 година**:

- 4 предмети каде жалбата се одбива
- 2 предмет каде жалбата се уважува
- 1 предмети каде жалбата се отфрла
- 1 предмет пратен на натамошно постапување на надлежен орган.

Според евиденцијата на Државната комисија, против решенијата од областа на земјоделството и животната средина, донесени во 2020 година, **биле поведени 4 управни спора**, во врска со кои до Државната комисија не е доставен податок за донесена пресуда од страна на Управниот суд.

| | **МЖСПП** | **АХВ** | **Градоначалници** | **Друго** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Заведен управен спор** | / | 1 | 3 | / | 4 |
| **Не е доставена пресуда** | / | 1 | 3 | / | 4 |

Во текот на 2020 година, доставени се и 6 пресуди во врска со решенијата на Државната комисија од областа на земјоделството и животната средина донесени во претходни години, од кои со 3 пресуди тужбите биле уважени, со 1 пресуди тужбата била одбиена од страна на Управниот суд, а во 2 постапки Судот ја отфрлил тужбата.

Во врска со пресудите со кои тужбата била уважена, Државната комисија повторно постапувала по два правосилни предмета и донела одлуки согласно насоките на Управниот суд.

Од пресудите со кои тужбата била уважена, ниедна пресуда не е донесена поради недоставување на списите на предметот до Управниот суд.

| **Пресуди на Управен/Виш управен суд против решенијата на Државната комисија од областа на земјоделството и животната средина пристигнати во 2020** | |
|---|---|
| Одбиени тужби | 1 |
| Уважени тужби | 3 |
| Отфрлени тужби | 2 |
| **Вкупно** | **6** |



Од сето погоренаведено, произлегува дека целокупната работна активност на Државната комисија во областа на земјоделството и животната средина, во 2020 година, се состоела од следното:

| **Вкупна работна активност на Државната комисија од областа на земјоделството и животната средина** | |
|---|---|
| Вкупно решени предмети од 2020 година | 29 |
| Вкупно решени предмети од претходни години | 8 |
| Вкупно предмети пратени на административно доуредување | 4 |
| Вкупно предмети по пресуда по кои Државната комисија повторно постапувала и донела одлука | 2 |
| **Вкупно** | **43** |

| **Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на земјоделството и животната средина, според начин на постапување и вид на одлука** | |
|---|---|
| Уважени жалби | 12 |
| Одбиени жалби | 13 |
| Отфрлени жалби | 10 |
| Запрени постапки | 1 |
| Мериторни одлуки | / |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 1 |
| Пратени на административно доуредување | 4 |
| Донесени решенија по пресуда | 2 |
| **Вкупно** | **43** |


Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на земјоделството и животната средина, според начин на постапување и одлука
уважени жалби
одбиени жалби
отфрлени жалби
запрени постапки
пратени на надлежен орган
административно доуредување
донесени решенија по пресуда
3%
2%
23%
9%
5%
30%
28%

## 4.5 Предмети од областа на економијата и финансиите

Во рамки на своите законски надлежности, Државната комисија е надлежна и за решавање жалби против решенија од областа на економијата и финансиите, односно решенија со кои се одлучува за субвенции за организиран странски туристички промет, концесии и експлоатација на минерални суровини, песок и чакал, како и за хартии од вредност.

Надлежноста за одлучување во овие области произлегува од следните закони:

- Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот;
- Законот за минерални суровини, и
- Законот за хартии од вредност.

Во овaa област, во 2020 година, во Државната комисија се примени и **вкупно 48 жалби** и заведени со архивски знак 0810, од кои 46 жалби за субвенции на организиран странски туристички промет, 1 жалба од областа на хартиите од вредност и 1 жалба по друг основ.

Од предметите од оваа област, кои се примени и оформени во 2020 година, Државната комисија **решила 47 предмети, а само 1 предмет останал нерешен**[7]**:**

- 43 предмети каде жалбата се одбива
- 2 предмета каде жалбата се уважува
- 1 предмет по кој постапката е запрена
- 1 предмет пратен на понатамошно постапување на надлежен орган
- 1 нерешен предмет.

[7] Заклучно со седницата одржана на 25.02.2021 година, решени се сите предмети од оваа област.

| 2020 година | |
|---|---|
| **Предмети од областа на економијата и финансиите** | |
| Уважени жалби | 2 |
| Одбиени жалби | 43 |
| Отфрлени жалби | / |
| Запрени постапки | 1 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 1 |
| Административно доуредување | / |
| Нерешени предмети | 1 |
| **Вкупно** | **48** |



Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2020 година, според основ по кој е вложена жалбата и вид на одлука на Државната комисија.

| Вид на одлука | Субв. во туризам | Хартии од вредност | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Уважени жалби** | 2 | / | / | 2 |
| **Одбиени жалби** | 43 | / | / | 43 |
| **Отфрлени жалби** | / | / | / | 0 |
| **Запрени постапки** | 1 | / | / | 1 |
| **Пратени на надлежен орган** | / | / | 1 | 1 |
| **Административно доуредување** | / | / | / | 0 |
| **Нерешени предмети** | / | 1 | / | 1 |
| **ВКУПНО** | **46** | **1** | **1** | **48** |



Покрај наведените предмети кои биле тековно примени, Државната комисија оваа година **решила и 4 предмети кои се примени во претходна година/години**:

- 3 предмети каде жалбата се одбива
- 1 предмет каде жалбата се уважува.

Против решенијата од областа на економијата и финансиите, донесени во 2020 година, **биле поведени вкупно 20 управни спорови**, за кои до Државната комисија не се доставени податоци за евентуално донесени пресуди.

| | **Субвенции во туризам** | **Хартии од вредност** | **Друго** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Заведен управен спор** | 20 | / | / | 20 |
| **Не е доставена пресуда** | 20 | / | / | 20 |

Во текот на 2020 година, до Државната комисија се доставени и 50 пресуди во врска со решенија на Државната комисија од областа на економијата и финансиите донесени во претходни години, од кои со 28 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, со 4 пресуди тужбите биле уважени и поништени решенија на Државната комисија, а во 18 постапки Судот ја отфрлил тужбата.

Во врска со пресудите со кои тужбата била уважена, Државната комисија повторно постапувала по 2 правосилни предмети и донела одлуки согласно насоките на Управниот суд.

Од пресудите со кои тужбата била уважена, ниедна пресуда не е донесена поради недоставување на списите на предметот до Управниот суд.

| **Пресуди на Управен/Виш управен суд против решенијата на Државната комисија од областа на економијата и финансиите пристигнати во 2020** | |
|---|---|
| Одбиени тужби | 28 |
| Уважени тужби | 4 |
| Отфрлени тужби | 18 |
| **Вкупно** | **50** |




Целокупната работна активност на Државната комисија во областа на економијата и финансиите, во 2020 година, се состоела од следното:

| **Вкупна работна активност на Државната комисија од областа на економијата и финансиите** | |
|---|---|
| Вкупно решени предмети од 2020 година | 47 |
| Вкупно решени предмети од претходни години | 4 |
| Вкупно предмети по пресуда по кои Државната комисија повторно постапувала и донела одлука | 2 |
| Вкупно предмети пратени на административно доуредување | / |
| **Вкупно** | **53** |

| Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на економијата и финансиите во 2020 година, според начин на постапување и вид на одлука | |
|---|---|
| | |
| Уважени жалби | 3 |
| Одбиени жалби | 46 |
| Отфрлени жалби | / |
| Запрени постапки | 1 |
| Мериторни одлуки | / |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 1 |
| Пратени на административно доуредување | / |
| Донесени решенија по пресуда | 2 |
| **Вкупно** | **53** |



## 4.6. Предмети од областа на работните односи

Покрај надлежноста за одлучување во управна постапка во втор степен, Државната комисија е надлежна да одлучува и по жалби за заштита на правата од работен однос на вработените во јавниот сектор кои немаат статус на административни службеници, како и за заштита на правата на вработените во Агенцијата за администрација.

Со други зборови, Државната комисија е надлежна да одлучува за прашања кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација, а за кои за Државната комисија е предвидена надлежност за одлучување со посебните закони со кои се регулираат прашања во врска со правата и обврските од работен однос на вработените во јавниот сектор кои имаат статус на овластени службени лица и статус на даватели на јавни услуги.

Во оваа област, Државната комисија одлучува по жалби на вработените во Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за национална безбедност и во Агенцијата за разузнавање, на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија, затворската полиција, шумската полиција, финансиската полиција, како и по жалби на здравствените работници и соработници, на вработените во областа на социјалната и детската заштита и други вработени во јавниот сектор.

Правата од работен однос на овие категории вработени, покрај со општите прописи од областа на работните односи и Законот за вработените во јавниот сектор, се регулирани со посебни закони од секоја релевантна област (lex specialis). Оттука, надлежноста на Државната комисија да одлучува по жалбите на овие лица се утврдува токму со тие посебни закони.

Во најголемиот број случаи, со посебните закони е утврдена надлежност на Државната комисија да одлучува по жалби поврзани со постапки за вработување, распоредување на работно место, дисциплинска и материјална одговорност, суспензија и престан на работниот однос, избор и разрешување на директори на основни училишта, средни училишта, јавни установи за социјална заштита и заштита на деца и друго.

Против решенијата на Државната комисија донесени во областа на работните односи, согласно член 10 од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, обезбедена е судска заштита пред редовните судови (надлежни основни судови). Исклучок од ова правило се предметите со кои се одлучува за избор и разрешување

директори, за кои е обезбедена заштита пред Управниот суд на Република Северна Македонија.

Во врска со предметите за кои е обезбедена заштита пред редовните судови, значајно е да се спомене дека во овие спорови Државната комисија не е пасивно легитимирана, поради што Државната комисија не располага со податоци ниту за бројот на поведени спорови против решенијата на Државната комисија, ниту за исходот од тие спорови. Од тие причини, во точката 4.6.1 од ова поглавје не се содржани податоци за бројот на покренати работни спорови пред редовните судови, а во точката 4.6.2 се содржани податоци за покренати управни спорови само за предметите за кои е предвидена управно-судска заштита (избор и разрешување директори).

### 4.6.1 Предмети од областа на работните односи за вработените во безбедноста и одбраната

Во оваа група на предмети спаѓаат предметите по жалби од полициските службеници и овластените службеници лица вработени во Министерството за внатрешни работи, овластените службени лица во Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за национална безбедност, како и од воените и цивилните лица на служба во Армијата на Република Северна Македонија.

Надлежноста за одлучување во оваа област произлегува од следните закони:

- Законот за внатрешните работи,
- Закон за Агенција за национална безбедност, и
- Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија.

Во оваа област, во 2020 година, во Државната комисија се примени **вкупно 456[8] жалби** заведени со архивски знак 0901, од кои 302 жалби од вработени во Министерството за внатрешни работи, 138 жалби од лица на служба во Армијата на Република Северна Македонија и 14 жалби од вработени во Агенцијата за разузнавање.

Од предметите од оваа област, кои се примени и оформени во 2020 година, Државната комисија **постапила по 396 предмети, при што решени се 367 предмети, 29 предмети се вратени на административно доуредување, а 58 предмети останале нерешени:**

[8] Во уписникот за предмети со архивски знак 0901 се заведени вкупно 454 предмети, од кои два предмета се погрешно заведени по двапати и се затворени со службена белешка.

- 19 предмети каде жалбата се уважува
- 331 предмет каде жалбата се одбива
- 13 предмети каде жалбата се отфрла
- 3 предмети каде постапката се запира
- 1 предмет пратен на натамошно постапување на надлежен орган
- 29 предмети по кои е побарано административно доуредување
- 58 нерешени предмети[9].

| **2020 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на работните односи за вработени во безбедноста и одбраната според вид на одлука на Државната комисија** | |
| Уважени жалби | 19 |
| Одбиени жалби | 331 |
| Отфрлени жалби | 13 |
| Запрени постапки | 3 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 1 |
| Административно доуредување | 29 |
| Нерешени предмети | 58 |
| **Вкупно** | **454** |

[9] Од вкупниот број на 58 нерешени предмети и 29 предмети за кои било побарано административно доуредување од првостепениот орган, заклучно со седницата одржана на 25.02.2021 година, нерешени останале 8 предмети.




Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2020 година, според првостепен орган (Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Агенција за национална безбедност и Агенција за разузнавање) и вид на одлука на Државната комисија.

| Вид на одлука | МВР | МО | АНБ | АР | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Уважени жалби** | 18 | 1 | / | / | 19 |
| **Одбиени жалби** | 198 | 120 | / | 13 | 331 |
| **Отфрлени жалби** | 10 | 3 | / | / | 13 |
| **Запрени постапки** | 2 | 1 | / | / | 3 |
| **Пратени на натамошно постапување на надлежен орган** | / | 1 | / | / | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Административно доуредување** | 26 | 2 | / | 1 | 29 |
| **Нерешени предмети** | 48 | 10 | / | / | 58 |
| **ВКУПНО** | **302** | **138** | **0** | **14** | **454** |




Покрај претходнонаведените предмети кои биле тековно примени, Државната комисија оваа година **решила и 27 предмети кои се примени во 2019 година**:

- 21 предмет каде жалбата се одбива
- 4 предмети каде жалбата се уважува
- 1 предмет каде жалбата се отфрла, и
- 1 предмет пратен на надлежен орган

Оттука произлегува дека целокупната работна активност на Државната комисија во областа на работните односи за вработените во безбедноста и одбраната, во 2020 година, се состоела од следното:

| Вкупна работна активност на Државната комисија од областа на работните односи за вработените во областа на безбедноста и одбраната во 2020 година | |
|---|---|
| Вкупно решени предмети од 2020 година | 367 |
| Вкупно решени предмети од претходна година | 27 |
| Вкупно предмети пратени на административно доуредување | 29 |
| **Вкупно** | **423** |

| Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на работните односи за вработените од областа на безбедноста и одбраната, според начин на постапување и вид на одлука | |
|---|---|
| Уважени жалби | 23 |
| Одбиени жалби | 352 |
| Отфрлени жалби | 14 |
| Запрени постапки | 3 |
| Мериторни одлуки | / |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 2 |
| Пратени на административно доуредување | 29 |
| **Вкупно** | **423** |

### 4.6.2 Предмети од областа на работните односи за други категории вработени во јавниот сектор

Во оваа група на предмети спаѓаат предметите по жалби од здравствените работници/соработници, припадниците на затворската полиција, вработените во установите за социјална и детска заштита, жалби против одлуките со кои се врши избор по објавен јавен оглас за вработување во здравствените установи, установите за социјална и детска заштита и казнено-поправните установи, жалби против одлуките на градоначалниците со кои се врши избор/разрешување на директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и детски градинки, жалби против решенија на министерот за труд и социјална политика со кои се врши избор/разрешување на директори на установи за социјална заштита, жалби против одлуки за трансформација на работниот однос на наставници и друго.

Надлежноста за одлучување во оваа област произлегува од следните закони:

- Законот за здравствената заштита;
- Законот за извршување на санкциите;
- Законот за социјалната заштита;
- Законот за основното образование;
- Законот за средното образование;
- Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта
- Законот за ученичкиот стандард;
- Законот за заштита на децата и други посебни закони.

Во оваа област, во 2020 година, во Државната комисија се примени **вкупно 390[10] жалби** и заведени со архивски знак 0904, од кои 158 жалби од вработени во јавни здравствени установи, 83 жалби против решенија на градоначалници, 43 жалби против решенија на директори на јавни установи за социјална заштита и заштита на деца, или на министерот за труд и социјална политика, 31 жалби од затворска полиција, 8 жалби за трансформација на работен однос на наставници и 64 жалби по други основи.

Од предметите од оваа област, кои се примени и оформени во 2020 година, Државната комисија **постапила по 366 предмети, при што решени се 332 предмети, 34 предмети се вратени на административно доуредување, а 21 предмет останал нерешен:**

- 42 предмети каде жалбата се уважува
- 213 предмет каде жалбата се одбива
- 57 предмети каде жалбата се отфрла
- 3 предмети по кои постапката е запрена
- 17 предмети се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 34 предмети по кои е побарано административно доуредување
- 21 нерешен предмети[11].

[10] Во уписникот за предмети со архивски знак 0904 се заведени вкупно 390 предмети, од кои три предмети се погрешно заведени под овој архивски знак и се затворени со службена белешка.
[11] Од вкупниот број на 21 нерешен предмети и 34 предмети за кои било побарано административно доуредување од првостепениот орган, заклучно со седницата одржана на 25.02.2021 година, нерешени останале 9 предмети.

| 2020 година | |
|---|---|
| **Предмети од областа на работните односи за други категории вработени во јавниот сектор според вид на одлука на Државната комисија** | |
| Уважени жалби | 42 |
| Мериторни одлуки | / |
| Одбиени жалби | 213 |
| Отфрлени жалби | 57 |
| Запрени постапки | 3 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 17 |
| Административно доуредување | 34 |
| Нерешени предмети | 21 |
| **Вкупно** | **387** |



Во продолжение е даден приказ на предметите примени во 2020 година, според првостепен орган (јавни здравствени установи, градоначалници, јавни установи за социјална заштита и заштита на деца/Министерство за труд и социјална политика, казнено-поправни установи, трансформација на работен однос на наставници и друго) и вид на одлука на Државната комисија.

| Вид на одлука | ЈЗУ | Градонач | ЦСР/детски градинки/ МТСП | КПУ | Трансформација на работен однос | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уважени жалби** | 18 | 18 | 2 | / | 3 | 1 | 42 |
| **Мериторни** | / | / | / | / | / | / | / |
| **Одбиени жалби** | 109 | 39 | 26 | 27 | 3 | 9 | 213 |
| **Отфрлени жалби** | 7 | 8 | 5 | 2 | / | 35 | 57 |
| **Запрени постапки** | 1 | / | / | / | / | 2 | 3 |
| **Пратени на натамошно постапување на надлежен орган** | 7 | / | 1 | / | / | 9 | 17 |
| **Административно доуредување** | 8 | 11 | 7 | 1 | 2 | 5 | 34 |
| **Нерешени предмети** | 8 | 7 | 2 | 1 | / | 3 | 21 |
| **ВКУПНО** | **158** | **83** | **43** | **31** | **8** | **64** | **387** |




Покрај наведените предмети кои биле тековно примени, Државната комисија оваа година **решила и 49 предмети кои се примени во 2019 година**:

- 12 предмети каде жалбата се уважува
- 30 предмет каде жалбата се одбива
- 3 предмети каде жалбата се отфрла
- 2 предмета каде постапката се запира, и
- 2 предмета се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган

Како што е претходно образложено, против решенијата на Државната комисија во оваа област може да се покрене управен спор само кај предметите со кои се одлучува за избор и разрешување директори. Во оваа смисла, според евиденцијата на Државната комисија, против решенијата од оваа област, донесени во 2020 година, **биле поведени 4 управни спорови**, за кои до Државната комисија е доставена само 1 решение со кое тужбата била отфрлена.

Дополнително, во текот на 2020 година, до Државната комисија се доставени и 9 пресуди во врска со решенија на Државната комисија донесени во претходни години,

од кои со 3 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, со 4 пресуди тужбите биле уважени, во 1 постапка тужбата била отфрлена, а во 1 постапка Судот ја запрел постапката по тужбата.

Оттука произлегува дека, во оваа област, во 2020 година, до Државната комисија биле доставени **вкупно 10 пресуди/решенија**, од кои со 3 пресуди тужбите биле одбиени како неосновани, со 4 пресуди тужбите биле уважени, во 2 постапки тужбите биле отфрлени, а 1 постапка била запрена. Во врска со пресудите со кои тужбата била уважена, Државната комисија повторно постапувала во 4 предмети и донела одлуки согласно насоките на Управниот суд.

Од пресудите со кои тужбата била уважена, ниедна пресуда не е донесена поради недоставување на списите на предметот до Управниот суд.



Целокупната работна активност на Државната комисија во областа на работните односи за другите категории вработени во јавниот сектор, во 2020 година, се состоела од следното:

| **Вкупна работна активност на Државната комисија од областа на работните односи за други категории вработени во јавниот сектор во 2020 година** | |
|---|---|
| Вкупно решени предмети од 2020 година | 332 |
| Вкупно решени предмети од 2019 година | 49 |
| Вкупно предмети по пресуда по кои Државната комисија повторно постапувала и донела одлука | 4 |
| Вкупно предмети пратени на административно доуредување | 34 |
| **Вкупно** | **419** |

| **Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на работните односи за други категории вработени во јавниот сектор, според начин на постапување и вид на одлука** | |
|---|---|
| Уважени жалби | 54 |
| Мериторни одлуки | / |
| Одбиени жалби | 243 |
| Отфрлени жалби | 60 |
| Запрени постапки | 5 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 19 |
| Пратени на административно доуредување | 34 |
| Донесени решенија по пресуда | 4 |
| **Вкупно** | **419** |


Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија од областа на работните односи за други категории вработени во јавниот сектор, според вид на одлука
уважени жалби
мериторни одлуки
одбиени жалби
отфрлени жалби
запрени постапки
пратени на надлежен орган
административно доуредување
донесени решенија по пресуда
14%
1%
5%
8%
1%
13%
58%
0%

## 4.7 Предмети од областа на приватизацијата и експропријацијата

Во врска со постапката за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост, Државната комисија постапува и одлучува по жалби на незадоволните странки изјавени против решенија со кои се одлучува за приватизацијата на градежно земјиште во државна сопственост, против решенија со кои што се одлучува за воспоставување на закуп на градежно земјиште и за решенија со кои што се одлучува за престанок на воспоставениот закуп, против решенија за времено ослободување од плаќање на надомест за приватизација и закупнина, како и против решенија со кои се одлучува за престанок и за одземање на правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост. Надлежноста на Државната комисија да одлучува во оваа постапка произлегува од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/2011, 51/2011, 27/2014, 144/2014, 72/2015, 104/2015, 153/2015, 23/2016, 178/2016 и 120/2018).

Надлежноста за постапување по жалбите против решенијата донесени во постапките за експропријација, Државната комисија ја заснова на преодните одредби од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2012). Согласно одредбите од цитираниот закон, Државната комисија е надлежна за постапување во втор степен по жалби изјавени против решенијата за експропријација донесени врз основа на Законот за експропријација ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/95, 20/98, 40/99, 31/03, 46/2005, 10/2008, 106/2008, 156/10 и 6/12).

Предметите од областа на приватизацијата и експропријацијата се заведени во Државната комисија со архивски знак 0801.

Државната комисија во 2020 година, постапи по вкупно 722 предмети, од областа на приватизација и експропријација, од кои 75 предмети се вратени на административно уредување, а решени се вкупно 647 предмети (Табела бр.1).[12]

[12] Од 01.01.2021 година заклучно со 25.02.2021 година во Државната комисија од вкупно нерешените предмети од областа на приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост Државната комисија постапила односно донела решенија за 89 предмети примени и оформени во 2020 година.

Табела бр.1. Вкупно постапени и решени предмети од областа на приватизација и експропријација во 2020 година.

| **2020 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на приватизација и експропријација по кои постапила Државната комисија во 2020 година** | |
| Уважени жалби | 426 |
| Одбиени жалби | 111 |
| Отфрлени жалби | 23 |
| Запрени постапки | 8 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 32 |
| Донесени решенија по пресуда | 47 |
| Вкупно решени предмети | 647 |
| Административно барање (доуредување на списи по предмет или прецизирање на жалба) | 75 |
| **Вкупно постапени предмети** | **722** |

Графикон бр.1. Процентуално учество на поединечните одлуки во вкупно решените предмети од областа на приватизација и експропријација од страна на Државната комисија во 2020 година.



Државната комисија во текот на 2020 година (Табела бр.2), постапила по вкупно 354 предмети од претходните години (2012-2019), од кои 49 се вратени на административно доуредување, а решени се 305 предмети.

Во 2020 година се примени и оформени вкупно 469 предмети од областа на приватизација и експропријација, од кои, Државната комисија постапила по 368 предмети, при што, вратени на административно доуредување се 26 предмети, а решени се 342 предмети.

Кај предметите од оваа област, односно во делот на нерешените предмети, напоменуваме дека за голем дел од истите, односно за вкупно 64 предмети не е изминат законскиот рок од два месеци (60 дена) за решавање.

Табела бр.2. Вкупно постапени и решени предмети од областа на приватизација и експропријација во 2020 година за предмети од претходни години и за предмети од 2020 година.

| Бр. | Статус | Претходни години | 2020 | Вкупно постапено и решено во 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени жалби | 176 | 250 | 426 |
| 2 | Одбиени жалби | 42 | 69 | 111 |
| 3 | Отфрлени жалби | 9 | 14 | 23 |
| 4 | Запрени постапки | 5 | 3 | 8 |
| 5 | Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 26 | 6 | 32 |
| 6 | Донесени решенија по пресуда | 47 | 0 | 47 |
| 7 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | **305** | **342** | **647** |
| 8 | Административно барање | 49 | 26 | 75 |
| 9 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | **354** | **368** | **722** |

4.7.1 Пресуди на Управниот и Вишиот управен суд на Република Северна Македонија.

Против решенија од областа на приватизацијата и експропријацијата, донесени од страна на Државната комисија може да се поведе управен спор пред Управниот суд.

Од вкупниот број на постапени предмети во 2020 година од областа на приватизацијата и експропријацијата, за 59 предмети поведен е управен спор пред Управниот суд, за кои се донесени 26 пресуди од страна на Управниот суд во текот на 2020 година, од кои со 19 пресуди одбиена е тужбата на тужителот, со 3 пресуди

уважена е тужбата на тужителот, а со 4 тужби отфрлена е тужбата на тужителот против решенијата на Државната комисија.

Табела бр.3. Донесени пресуди во 2020 година од страна на Управниот суд и Вишиот управен суд на Република Северна Македонија по изјавени тужби против решенија на Државната комисија од областа на приватизација и експропријација.

| Бр. | Донесени пресуди по решенија на Држаната комисија | Претходни години | 2020 | Вкупно донесени пресуди во 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 25 | 3 | 28 |
| 2 | Одбиени | 79 | 19 | 98 |
| 3 | Отфрлени | 7 | 4 | 11 |
| 5 | Запрени | 2 | 0 | 2 |
| 4 | Пресуди - вкупно | 113 | 26 | 139 |

Вкупниот број на донесени пресуди од страна на Управниот суд и Вишиот управен суд по тужби поднесени против решенија на Државната комисија од областа на приватизацијата и експропријацијата изнесува 139. Бројот на одбиени тужби со пресуда од Управниот суд и Вишиот Управен суд во текот на 2020 година по донесени решенија на Државната комисија изнесува 98, односно 70,50% од вкупно донесените пресуди, додека уважени се 28 тужби, или 20,14 % од вкупно донесените пресуди, од кои 9 тужби се уважени без списи додека 19 тужби се уважени со списи, отфрлени се 11 тужби или 7,91%, а запрена е постапката за 2 тужби или за 1,44% од вкупно пристигнатите пресуди.

Графикон бр.2. Процентуално учество на донесените пресуди по поднесени тужби против решенијата на Државната комисија од областа на приватизацијата и експропријацијата во 2020 година.



## 4.8 Предмети од областа на катастарот на недвижностите

По однос на предметите од областа на катастарот на недвижностите, Државната комисија постапува во втор степен по жалби изјавени против управни акти со кои се одлучува за запишување на правата на недвижностите, за спроведување на промени во катастар на недвижности, како и за востановување и одржување на катастарот на недвижности, донесени во постапките започнати до денот на влегување во сила на Законот за катастар на недвижности ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/13).

Надлежноста на Државната комисија за одлучување во оваа област произлегува од одредбите на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на Република Македонија " бр. 27/86, 17/91, 84/2005,109/2005 и 70/2006), одредбите на Законот за катастар на недвижностите ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2014, 153/2015, 192/2015, 61/2016 и 172/2016), како и од одредбите на Законот за катастар на недвижности ("Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2008, 158/10, 17/11, 51/11 и 74/12).

Предметите од областа на катастарот на недвижностите се заведени во Државната комисија со архивски знак 0814.

Државната комисија во 2020 година, постапи по вкупно 31 предмети, од областа на катастарот и недвижностите, од кои 14 предмети се вратени на административно уредување, а решени се вкупно 17 предмети (Табела бр.4).

Табела бр.4. Вкупно постапени и решени предмети од областа на катастарот на недвижности во 2020 година.

| **2020 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на катастар на недвижности по кои постапила Државната комисија во 2020 година** | |
| Уважени жалби | 1 |
| Одбиени жалби | 0 |
| Отфрлени жалби | 0 |
| Запрени постапки | 4 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 6 |
| Донесени решенија по Пресуда | 6 |
| Вкупно решени предмети | 17 |
| Административно барање ( доуредување на списи по предмет или прецизирање на жалба) | 14 |
| **Вкупно постапени предмети** | **31** |

Графикон бр.3. Процентуално учество на поединечните одлуки во вкупно решените предмети од областа на катастар на недвижности од страна на Државната комисија во 2020 година.




Државната комисија во текот на 2020 година (Табела бр.5), постапила по вкупно 30 предмети од претходните години, од кои 14 се вратени на административно доуредување, а решени се 16 предмети.

Во 2020 година се примени и оформени вкупно 1 предмет од областа на катастар на недвижности.

Табела бр.5. Вкупно постапени и решени предмети од областа на катастар на недвижности во 2020 година за предмети од претходни години и за предмети од 2020 година.

| **Бр.** | **Статус** | **Претходни години** | **2020** | **Вкупно постапено и решено во 2020** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени жалби | 1 | 0 | 1 |
| 2 | Одбиени жалби | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Отфрлени жалби | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Запрени постапки | 4 | 0 | 4 |
| 5 | Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 5 | 1 | 6 |
| 6 | Донесени решенија по пресуда | 6 | 0 | 6 |
| 7 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | **16** | **1** | **17** |
| 8 | Административно барање | 14 | 0 | 14 |
| 9 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | **30** | **1** | **31** |

4.8.1 Пресуди на Управниот и Вишиот управен суд на Република Северна Македонија.

Против решенија од областа на катастар на недвижности, донесени од страна на Државната комисија може да се поведе управен спор пред Управниот суд.

Од вкупниот број на постапени предмети во 2020 година нема предмети против кои е поведен управен спор пред Управниот суд, како и нема донесени пресуди од страна на Управниот суд и Вишиот управен суд по тужби поднесени против решенија на Државната комисија од областа на катастарот на недвижности.

## 4.9 Предмети од областа на денационализацијата

Државната комисија постапува по предмети од областа на денационализацијата. Имено, Државната комисија има надлежност за постапување по жалби изјавени против решенија со кои што се одлучува за враќање на имот, односно за давање надомест на физички лица за имот одземен во корист на државата, а коишто решенија се донесени од страна на првостепените органи за денационализација до денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација ("Службен весник на Република Македонија" бр.72/2010). Со цитираниот закон се избриша членот 57 и се измени членот 58 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/1998, 18/1999, 31/2000, 42/2003, 64/2003, 44/2007), на начин што се пропиша право на управен спор против решението за органот за денационализација.

Предметите од областа денационализацијата се заведени во Државната комисија со архивски знак 0815.

Државната комисија во 2020 година, постапи по вкупно 254 предмети од областа на денационализацијата, од кои 101 предмети се вратени на административно доуредување пред првостепениот орган, а решени се 153 предмети (Табела бр.6).[13]

[13] Од вкупно прикажаните нерешени предмети од областа на денационализацијата Државната комисија од 01.01.2021 до 25.02.2021 година, постапила односно донела решенија по вкупно 2 предмети примени и оформени во 2020 година.

Табела бр.6. Вкупно постапени и решени предмети од областа на денационализацијата во 2020 година.

| 2020 година | |
|---|---|
| **Предмети од областа на денационализацијата по кои постапила Државната комисија во 2020 година** | |
| Уважени жалби | 11 |
| Одбиени жалби | 8 |
| Отфрлени жалби | 11 |
| Запрени постапки | 26 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 51 |
| Постапено по Пресуда | 46 |
| **Вкупно решени предмети** | **153** |
| Административно барање (доуредување на списи по предмет или прецизирање на жалба) | 101 |
| **Вкупно постапени предмети** | **254** |

Графикон бр.4. Процентуално учество на поединечните одлуки во вкупно решените предмети од областа на денационализацијата од страна на Државната комисија во 2020 година.




Државната комисија во текот на 2020 година (Табела бр.7), постапи по вкупно 249 предмети од претходните години (2012-2019), од кои 97 се вратени на административно доуредување, а решени се 152 предмети.

Во 2020 година се примени и оформени вкупно 7 предмети од областа на денационализацијата, од кои, Државната комисија постапила по 5 предмети, при што, на административно доуредување пред првостепениот орган вратени се 4 предмети, а решен е 1 предмет.

Табела бр.7. Вкупно постапени и решени предмети од областа на денационализацијата во 2020 година за предмети од претходни години и за предмети од 2020 година.

| **Бр.** | **Статус** | **Претходни години** | **2020** | **Вкупно постапено и решено во 2020** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени жалби | 11 | 0 | 11 |
| 2 | Одбиени жалби | 8 | 0 | 8 |
| 3 | Отфрлени жалби | 11 | 0 | 11 |
| 4 | Запрени постапки | 26 | 0 | 26 |
| 5 | Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 51 | 0 | 51 |
| 6 | Донесени решенија по пресуда | 45 | 1 | 46 |
| 7 | **ВКУПНО РЕШЕНИ** | **152** | **1** | **153** |
| 8 | Административно барање | 97 | 4 | 101 |
| 9 | **ВКУПНО ПОСТАПЕНИ** | **249** | **5** | **254** |

4.9.1 Пресуди на Управниот и Вишиот управен суд на Република Северна Македонија.

Против решенија од областа на денационализацијата, донесени од страна на Државната комисија може да се поведе управен спор пред Управниот суд.

Од вкупниот број на постапени предмети во 2020 година, против 8 решенија на Државната комисија има поведено управен спор пред Управниот суд, за кој е донесена 1 пресуда на Управен суд со која е отфрлена тужбата на тужителот.

Табела бр.8. Донесени пресуди од страна на Управниот суд и Вишиот управен суд на Република Северна македонија по изјавени тужби против решенија на Државната комисија од областа на денационализацијата во 2020 година.

| Бр. | Донесени пресуди по решенија на Државната комисија | Претходни години | 2020 | Вкупно донесени пресуди во 2020 година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уважени | 15 | 0 | 15 |
| 2 | Одбиени | 10 | 0 | 10 |
| 3 | Отфрлени | 3 | 1 | 4 |
| 4 | Пресуди - вкупно | 28 | 1 | 29 |

Вкупниот број на донесени пресуди во 2020 година од страна на Управниот суд и Вишиот управен суд по тужби поднесени против решенија на Државната комисија од областа на денационализацијата изнесува 29. Бројот на одбиени тужби со пресуда од Управниот суд и Вишиот Управен суд во текот на 2020 година по донесени решенија на Државната комисија изнесува 10, односно 34,48% од вкупно донесените пресуди, додека уважени се 15 тужби, или 51,72%, од кои 10 тужби се уважени со списи, а 5 тужби без списи, а отфрлени се 4 тужби или 13,79% од вкупно донесените пресуди (Табела бр.8).

Графикон бр.5. Процентуално учество на донесените пресуди по поднесени тужби против решенијата на Државната комисија од областа на денационализацијата во 2020 година.



## 4.10 Предмети од областа на градежно земјиште, продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, постапување со бесправно изградени објекти, градење, превоз во патниот сообраќај и заштита на културното наследство.

Во врска со предметите од областа на градежното земјиште, продажбата и давањето под закуп на деловни згради и деловни простории на Република Македонија, користењето и располагањето со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, домувањето, постапувањето со бесправно изградено објекти, градењето и превозот во патниот сообраќај и заштитата на културното наследство, до Државната комисија се изјавуваат жалби против решенија донесени во постапки за оттуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба или по пат на јавно наддавање; постапки спроведени со електронско јавно наддавање при откуп и закуп на деловни згради и деловни простори; постапки спроведени со јавно наддавање за продажба на недвижните ствари што ги користат државните органи; во постапки по барања за закуп на стан и пренос на станарско право од починат носител; против решенија донесени од страна на Министерството за транспорт и врски во постапки за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти; во постапки за издавање одобрение од областа на градењето (градење, употреба и слично); во постапки за издавање на лиценци за изведба на градби; во постапки за издавање на лиценци за превоз на патници во меѓународниот и меѓуопштинскиот сообраќај, за одземање на лиценца и извод од лиценца за превоз на патници, за одобрување на барања за возен ред, за одземање на дозвола за вршење превоз и бришење на возен ред; како и по жалби против решенија донесени во постапки за заштититата на недвижното културното наследство на Република Македонија и др.

Предметите од областа градежно земјиште, продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, постапување со бесправно изградени објекти, градење, превоз во патниот сообраќај и заштита на културното наследство се заведени во Државната комисија со архивски знак 0804.

Државната комисија во 2020 година, постапи по вкупно 273 предмети од областа на градежно земјиште, продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, користење и располагање со

стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, постапување со бесправно изградени објекти, градење, превоз во патниот сообраќај и заштита на културното наследство, од кои 36 предмети се вратени на административно уредување, а решени се вкупно 237 предмети (Табела бр.9). [14]

